УНИВЕРЗИТЕТОТ „ЕВРО-БАЛКАН“ – Скопје објавува
# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ НА СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС
# ЗА АКАДЕМСКАТА 2012/2013 ГОДИНА

СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ)
Запишувањето и трансферот на студенти на студии од прв циклус ќе се врши на 4 (четири) студиски програми:
1. **Факултет за студии на Југоисточна Европа** или отвори пдф
- Студии на Југоисточна Европа (25 студенти во прва година и 25 студенти во втора година)
2. **Факултет за студии на културата** или отвори пдф
- Студии на културата (25 студенти во прва година и 25 студенти во втора година)
3. **Факултет за социјална антропологија** или отвори пдф
- Студии од областа на социјалната антропологија (25 студенти во прва година и 25 студенти во втора година)
4. **Висока стручна школа за моден дизајн** или отвори пдф
- Стручни студии за моден дизајн (15 студенти во прва година и 15 студенти во втора година)

**Услови за запишување:**
- Право на запишување имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование во средни училишта верификувани со акт на Министерството за образование и наука на РМ, државјани на РМ кои средно образование завршиле во странство, како и странски државјани. Кандидатите треба да го познаваат англискиот јазик.
- Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. По потреба, Универзитетот може да определи и дополнителни услови при рангирање на кандидатите.
- Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со самофинансирање на студиите.
- На додипломски студии на Универзитетот можат да се запишат и кандидати кои имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети или виши школи. Овие кандидати се запишуваат според успехот од претходното образование.
-Трансферот на студенти од други домашни или странски универзитети се врши врз основа на доставено уверение и предметна програма за положените испити.
- За пресметување на бодовите од постигнатиот успех од средното образование, Универзитетот „Евро-Балкан“ формира конкурсни комисии за секој од факултетите и високата стручна школа одделно. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии и секоја од нив на огласната табла на факултетот, ги објавува поените од средното образование (среден успех). По објавувањето на прелиминарната ранг-листа, секој од кандидатите има право на приговор во рок од 24 часа. Решението на управата по приговорот е конечно. Запишувањето на студенти се врши врз основа на конечната ранг листа – секоја од конкурсните комисии објавува решение за прием на студенти.

**Потребни документи:**
Кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
- Пријава (може да ја преземете од www. euba.edu.mk или во просториите на Универзитетот)

- Диплома за завршено средно образование и оригинални свидетелства од сите класови (со положена државна матура)
- Добиени сертификати, дипломи, пофалби и сл.
- Извод од матичната книга на родените (за државјани на РМ)
- Доказ за државјанство на РМ, односно нотарски заверена копија од пасош за странски државјани;
- Потврда за познавање на англиски јазик.

Државјаните на РМ кои средно образование завршиле во странство, како и странските државјани треба да извршат нострификација на документите за стекнато средно образование во Министерството за образование и наука на РМ или да достават доказ дека поднеле документи за нострификација.

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:
- Две фотографии;
- Доказ за уплатени средства за студирање.

**Висина на школарина:**

Висината на школарината за една академска година на сите факултети и на високата стручна школа изнесува 1900 евра во денарска противвредност со можност за плаќање на рати.

**Рокови за пријавување и запишување:**

| | I УПИСЕН РОК | II УПИСЕН РОК | III УПИСЕН РОК |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 28.07-20.08 | 21.08-10.09 | 11.09-01.10 |
| Објавување прелиминарна листа | 25 август | 15септември | 6 октомври |
| Објавување решение за прием на кандидатите | 27 август | 17 септември | 8 октомври |
| Запишување на кандидатите | 29-31 август | 19-21септември | 10-12 октомври |

## СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС (ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ)

Запишувањето на студенти на студии од втор циклус ќе се врши на 4 (четири) студиски програми:

Институт за општествени и хуманистички истражувања:
- Родови студии (10 студенти)
- Студии на Југоисточна Европа (10 студенти)
- Студии на културата (10 студенти)
- Византолошки студии (10 студенти)

**Услови за запишување:**

Право на запишување на студии од втор циклус имаат кандидати (државјани на РМ и

странски државјани) што ги исполнуваат следните услови:
- Да имаат завршено универзитетски студии од прв циклус, во траење од четири години на акредитирани универзитети, односно факултети во РМ или во странство и освоени 240 ЕКТС;
- Да имаат завршено универзитетски студии од прв циклус, во траење од три години на акредитирани универзитети, односно факултети во РМ или во странство иосвоени 180 ЕКТС;
- Одлично да го познаваат англискиот јазик, за што приложуваат соодветна потврда.
Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со самофинансирање на студиите.
Трансферот на студенти од други домашни или странски универзитети се врши врз основа на доставено уверение и предметна програма за положените испити.

**Потребни документи:**

Кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
- Пријава (може да ја преземете од www. euba.edu.mk или во просториите на Универзитетот)
- Диплома за завршени студии од прв циклус со стекнати 180 односно 240 ЕКТС;
- Добиени сертификати, дипломи, пофалби и сл.
- Извод од матичната книга на родените (за државјани на РМ)
- Доказ за државјанство на РМ, односно нотарски заверена копија од пасош за странски државјани;
- Потврда за познавање на англиски јазик.

Државјаните на РМ кои студии од прв циклус завршиле во странство, како и странските државјани, треба да извршат нострификација на документите за стекнатото образование во Министерството за образование и наука на РМ или да достават доказ дека поднеле документи за нострификација.
При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:
- Две фотографии;
- Доказ за уплатени средства за студирање.

**Висина на школарина:**

Школарината за последипломските студии изнесува:
Модел 1: 3+2 (последипломските студии траат 2 години, односно 4 семестри) - 2150 Евра во денарска противвредност и со можност за плаќање на рати
Модел 2: 4+1(последипломските студии траат 1 година, односно 2 семестри) - 1350 Евра во денарска противвредност и со можност за плаќање на рати
Сите постдипломци кои ќе се запишат во академската 2012/2013 година дека ќе имаат можност да поминат еден дел од нивните студии во една од земјите на Европската Унија со кои Универзитетот „Евро-Балкан“ има склучено билатерална соработка во рамките на ЕРАЗМУС програмата.

**Рокови за пријавување и запишување:**

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши до 01 Октомври 2012 година.
Пријава за упис на последипломски.doc

Документите може да се поднесат лично или по редовна пошта на адреса: Бул. „Партизански одреди“ бр. 63,1000 Скопје.
Пријавата може да се поднесе и по електронска пошта на: poslediplomski@euba.edu.mk, придружена со отпечатена и потпишана верзија во моментот кога се извршува

запишувањето.
За дополнителни информации, посетете ја интернет страната на Институтот (www.euba.edu.mk) или на телефоните (02) 3075570 (лок. 115) и (02) 3090731 (лок. 104).
Лица за контакт: Драгана Каровска Чемерска и Ивана Крајчиновиќ.
Повеќе...